Уп. Бр.08-149/2022

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од В.А.Г. пејмент солушенс а.с. (W.A.G. payment solutions, a.s.), со регистирирано седиште на Прага 4, На Витезне плани, 1719/4, Прага 140 00, Чешка Република, преку полномошник Божидар Милошевиќ, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 05.12.2022 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која В.А.Г. пејмент солушенс а.с. (W.A.G. payment solutions, a.s.), со регистирирано седиште на Прага 4, На Витезне плани, 1719/4, Прага 140 00, Чешка Република,има намера да стекне дирекна самостојна контрола над друштвото Група Инело С.А. (Grupa Inelo S.A.), со регистрирано седиште во Биелско-Биала, на адреса ул. Карпацка 24/Б13, 43-300 Биелско-Биала, Полска, по пат на стекнување на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 04.11.2022 година, а дополнето на 07.11.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од В.А.Г. пејмент солушенс а.с. (W.A.G. payment solutions, a.s.), со регистирирано седиште на Прага 4, На Витезне плани, 1719/4, Прага 140 00, Чешка Република со која  В.А.Г. пејмент солушенс а.с. ќе стекне дирекна самостојна контрола над друштвото Група Инело С.А. (Grupa Inelo S.A.), со регистрирано седиште во Биелско-Биала, на адреса ул. Карпацка 24/Б13, 43-300 Биелско-Биала, Полска, по пат на стекнување на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**В.А.Г. пејмент солушенс а.с.** е активно во следните сектори: трговија на мало и големо со горива; услуги за платежни решенија преку картички за гориво; паркинзи за камиони и услуги за перење на камиони; IT решенијата за секторот за комерцијален патен превоз; решенија за навигација; услуги за алати; даночни услуги. Дел е од Еуроваг групацијата, која е активна во околу 30 држави во светот (првенствено во Европа).

Еуроваг групацијата нема регистрирани зависни друштва во Северна Македонија, но има остварено приход преку нејзиното зависно друштво, кое е активно во обезбедување услуги за навигација.

**Група Инело С.А.** е друштво кое обезбедува услуги за советување и финансирање на неговите зависни друштва. Група Инело контролира групацијата на друштва кои се активни во IT решенија за секторот за комерцијален патен превоз и во обезбедувањето на разновидни IT решенија за комерцијалниот патен превоз, вклучувајќи хардвер и софтвер.

**Група Инело С.А.** има едно регистирано зависно друштво во Северна Македонија, Друштвото за информатичка технологија и консултантски услуги ЦВС МОБИЛЕ МК ДООЕЛ Скопје, и има остварено приходи преку обезбедување на IT решенија за комерцијалниот патен превоз.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**